РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2766/2
26-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжение на 46-та седница, одржана на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Предметот 09-2766/1 од 21.05.2019 година, оформен по доставена пријава со наводи за постоење на состојба судир на интереси на одговорни лица во ЈП Македонски железници-Инфраструктура, заради вработувања на нивни блиски лица СЕ ОТФРЛА.

Предметот со број 09-2766/1 од 21.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2766/1 од 21.05.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во пријавата има наводи дека во Македонски железници и инфрастуктура бил објавен конкурс пред избори, што било законски забрането, и за вработување на блиска лица на директорите.

По однос на истите наводи, Државната комисија веќе има постапувано во Одделението за спречување на корупцијата и донесено Одлука број 12-221/4 од 02.09.2020 година, објавена на веб страната на Државната комисија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: К.Н – член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk